ЕВРОПСКА УНИЈА

Делегација на Европската Унија

Скопје, 8 јуни 2011

**Свечена Академија на Европското Движење по повод Денот на Европа**

Говор на:

Амбасадорот Питер СОРЕНСЕН

Шеф на Делегацијата на Европската Унија

Mito Hadzivasilev Jasmin 52V, 1000 Skopje
Telephone: (+389 2) 3248 500; Fax: (+389 2) 3248 501; E-mail: delegation-fyrMacedonia@eeas.europa.eu

Почитуван Претседател,

Почитуван Потпретседател на Владата,

Почитувани дами и господа, почитувани пријатели,

Ми претставува особено задоволство да ви се обратам на Свечената академија организирана од Европското движење

Европските прашања се особено многу значајни за да им бидат оставени само на политичарите!

За Европската Унија да претставува еден континуиран успех, европските граѓани треба да бидат вклучени и да се чувствуваат како дел од овој особено динамичен процес на развој и промени. Реформите и промените кои произлегуваат од кандидатскиот статус на земјата не се само задача поставена на хартија, туку тие ќе имаат реално влијание врз сите аспекти од секојдневното живеење.

Им честитам на Европското движење за нивните одржани заложби во промовирањето на европските вредности во земјата. Заедно со сите други организации на граѓанското општество, тие придонесуваат кон зајакнувањето на силниот европски дух кој постои овде. Ние ќе продолжиме да работиме со вас и властите во партнерство за да Европа остане на врвот на нашата агенда.

Делегацијата на Европската Унија го прославува Денот на Европа во тесна соработка со Европското движење. Јас лично сум воодушевен што можеме да работиме со вас за да се организираат јавни дебати и разни други настани со кои се поттикнува дискусија на разни теми за ЕУ.

Но, Европа е нешто повеќе од само сериозни дискусии и законски измени. Програмата за Денот на Европа претставува одраз на повеќе димензии: симболични настани со Денот на европското знаме; погодност и благосостојба: трчање на маратонот, разни музички и културни настани ширум градот и вклученост на млади луѓе.

А сега за младите луѓе кои учествуваат во меѓу-универзитетската дебата за родова еднаквост, јас имам голема надеж за вас и за вашата земја. Од сето она што мојот заменик го слушнал, можам да кажам дека Јас би гласал за Вас! Вие сте иднината.Вие сте оние кои ќе ги носите одлуките во иднина. Би сакал да ви честитам  на сите кои вечерва сте добитници на награди, и за вашите индивидуални заложби за промовирање на вашата земја  и аспирациите да се придружи на Европската Унија. И јас со вас ги споделувам аспирациите на вашата земја да се придружи на ЕУ.

Вие го потврдивте она во кое верувавме дека Македонија може да организира "добри" избори, иако има уште многу други работи на кои треба да се работи. Исто така, јас знам дека вие можете да ги

спроведете неопходните реформи и промени кои се бараат од една земја кандидат. Сега е време за вистински напредок, за справување со тешките прашања со кои се соочува земјата, да се забрзаат реформите и да се одржат, како и да се спроведат сите неодамнешни ветувања од манифестот. Ние ќе бидеме покрај вас и вие можете да сметате на нашата поддршка долж овој пат полн предизвици.